| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пред Нова Година |
| **Содржина на денот** | Боење во контура: Капата на Дедо Мраз |
| **Возраст** | 2-3години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на поимот физичкото растојание.<br>Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовен материјал. |
| **Активности** | Пред да ја започнете активноста заедно со детето изведете лесни вежби за раздвижување на мускулната маса, со посебен акцент кон вежбите за рамениот појас, рацете, лактите, дланките и прстите кои особено ќе бидат активни за време на активноста.<br>Застанете кај елката и новогодишните декорации, за да го поттикнете детео на искажување на знаења за празникот кој ни се наближува. Потоа презентирајте му слика или кукла со ликот на Дедо Мраз, насочете го кон негово именување, опишување со посебен акцент на облеката и капата (изглед и боја). Нацртајте ја капата или испечатете го ликот на Дедо Мраз и понудете го детето со боици (восочни или дрвени). Детето само нека ја избере боицата со точната боја на капата и нека ја именува. Дајте му го листот со нацртаната или испечатената капа и насочете го кон правилно држње на боицата и запазување на контурната линија и внимавање на неа при боење.<br>По завршување со боење на капата, пофалете го детето и истакнете ја неговата ликовна творба на одредено видливо место во Вашиот дом и истата нека биде новогодишен украс. |